Република Македонија
**Министерство за финансии**

До: ______________________

**Бр. 12-**
**Скопје, 01.03.2010 година**

Влада на Република Македонија
**Министерство за финансии**
**Сектор за финансиски систем**

Даме Груев 14
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3117 288
Факс:++ 389 2 3117 280
Е-пошта: finance@finance.gov.mk
Веб страна: www.finance.gov.mk

Предмет: Покана за семинар

Почитувани,

Во рамките на соработката во областа на банкарството меѓу Министерството за финансии на Република Македонија и Министерството за финансии на Кралството Луксембург, Ве **известуваме дека од 22-24 Март 2010 година во Скопје ќе се одржи три дневен семинар на тема: "Спречување на перење пари".**

Семинарот е во организација на АТТФ - Агенција за трансфер на финансиска технологија од Луксембург, а ќе се одржи во Клубот на пратеници во Скопје од 9:00 – 17:00 часот.

**Основната цел на семинарот** е запознавање со потребата за постоење на законска регулатива за спречување на перење пари, запознавање со предизвиците при практична имплементација на законот, запознавање со меѓународните иницијативи и можни промени на законот за спречување на перење пари во Република Македонија, како и презентирање на практични примери од меѓународна пракса.

**Целна група** се лица кои работат во сектори за односи со потрошувачи, сектори за правни работи, сектори за интерна и екстерна ревизија, сектори за маркетинг и сектори за усогласување со регулативата.

Ве молиме да го потврдите Вашето учество и да номинирате еден претставник од Вашата институција согласно целната група, најдоцна **до 15 март (среда) 2010 година.**

За сите дополнителни информации Ве молиме контактирајте го долунаведеното лице. Благодариме на соработката.

Со почит,

**Раководител на**
**Сектор за финансиски систем**
**Ленче Тагасовска**

Контакт лице: Бојана Мијовиќ
E-mail: bojana.mijovic@finance.gov.mk

Изготвил: Бојана Мијовиќ
Љуљета Шаќири